**Известување за реализација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2010 година и ИПАРД Програмата**

Од почетокот на годината заклучно со 04.11.2010 година од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството исплатени се средства во износ од 2,420 милијарди денари со што се реализирани 46% од расположивите средства од оваа програма.

Програмата за рурален развој досега е реализирана во висина од околу 240 милиони денари или 40% од распложивите средства оваа програма. Согласно реализирањето на договорите за кофинасирање до 50%, претстои дореализирање на средствата.

Вкупната реализација по двете програми изнесува околу 2.660.000.000 ден или 43,5% реализација.

Извршени се две исплати за произведено и продадено кравјо млеко (за седум месеци) како и исплатата по интервентната мерка за одржување на насадите со јаболки. Млекопроизводителите добија по 2,5 денари за литар млеко, а производителите на јаболки по 43,7 илјади денари по хектар.

Отпочнува и исплатата за поледелските култури за кои се исплаќа по 8.000 ден/ха, дополнителни 2.500 ден/ха за користење на сертифициран семенски материјал, за градинарско производство на отворено 20.000 ден/ха, дополнителни 80.000 ден/ха за оранжериско производство, за одржување на постоечки лозови насади 40.000 ден/ха, за одржување на овошни насади 18.000 ден/ха, за подигнати нови лозови насади 140.000 ден/ха, за подигнати нови овошни насади 90.000 ден/ха.Отпочнува и реализацијата мерката за осигурување на земјоделското производство.

Со завршување на периодот на задолжителното чување (до крајот на октомври), од наредната недела ќе започне исплатата на средства за говеда(2.500 ден/ грло), а во декември ќе следи исплатата за овци (900 ден/грло) и кози (800 ден/грло).

За земјоделците кои сертифицираат органско производство средства ќе се исплатат по обезбедување на потребните сертификати.

Во тек е поднесување на барања за произведено и продадено грозје во домашни винарски визби, како и за заклани говеда, овци и живина во кланични капацитети.

Во однос на реализацијата на Програмата ИПАРД, од склучените 27 договори за кофинансирање три инвестициите веќе се реализирани и согласно процедурите тече постапката за првите три доставени барања за исплата. До 29 ноември тече рокот за аплицирање по вториот оглас од Програмата ИПАРД (2007-2013), и за истиот досега пројавениот интерес се следи преку подигнатите вкупно 360 обраци и инструкции за апликации.